СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ 1 август 2025 – февруари 2026

Пилот демонстративен проект за адаптација на климатските промени во земјоделството и промоција на одржливи практики (Северна Македонија)

Пилот демонстрацискиот проект за адаптација на климатските промени во земјоделството и примена на одржливи практики во Северна Македонија е поддржан од Регионалното Партнерство за Клима помеѓу Германија и Западен Балкан, а е имплементиран од Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH во соработка со Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Опитното поле на ФЗНХ.


Цели на проектот

Главната цел на проектот е да се зголеми отпорноста и продуктивноста на земјоделскиот сектор во Северна Македонија преку демонстрација и евалуација на иновативни, климатски паметни и одржливи земјоделски практики. Проектот е насочен кон примена на современи технологии за адаптација на климатските промени, развој на дигитални и аналитички алатки за поддршка на одлучувањето, како и јакнење на капацитетите на земјоделските производители, студентите, советодавците и истражувачите.

Реализирани активности и постигнати резултати (август 2025 – февруари 2026)

Во првите шест месеци од имплементацијата успешно беа реализирани голем број активности кои претставуваат темел за воспоставување на современ демонстративен центар за тестирање на мерки за адаптација на климатските промени во земјоделството.

Во почетната фаза беа изработени методологии за воспоставување на експериментални полиња кај едногодишни и повеќегодишни култури, извршен беше избор на соодветни локации на Опитното поле на ФЗНХ и беа дефинирани експерименталните модели за следење на влијанието на различни климатски адаптивни мерки врз производството. Дополнително беше подготвен плодоред и беа избрани културите кои ќе се користат во демонстративните активности.




Избор и премер на локацијата

Значаен дел од активностите беше насочен кон техничка и инфраструктурна подготовка на демонстративните површини. Во овој период беше набавена и доставена современа опрема која вклучува системи за наводнување за поледелски и овоштарски култури, контролни единици за автоматско управување со наводнувањето, системи за фертиригација и филтрација, соларно напојувани пумпни системи, како и антифрост опрема за заштита на насадите од ниски температури. Истовремено се реализираа активности поврзани со поставување на заштитни мрежи против град и УВ-зрачење и подготовка на дополнителна инфраструктура неопходна за функционирање на демонстративниот центар.

Во рамките на работниот пакет за адаптација на поледелски култури беше воспоставен опит со покровна култура. На површина од 1.305 m² беше посеан зимски добиточен грашок, со цел подобрување на плодноста на почвата, фиксација на атмосферски азот и зголемување на одржливоста на производството. Пред воспоставувањето на опитот беа реализирани детални анализи на почвата за утврдување на агрохемиските и водно-физичките својства, со што беа обезбедени основни податоци за следење на ефектите од применетите мерки.




Фаза на повеќе лисја, 25.03.2026

Паралелно со активностите кај поледелските култури, беа реализирани подготвителни активности за подигање демонстративен овоштарник со слива. Извршени беа почвени анализи, подготовка на теренот, избор на сорта и подлога, како и обезбедување на саден материјал од домашни и странски расадници. Овие активности создадоа предуслови за

успешно воспоставување на повеќегодишниот насад и за тестирање на различни технологии за адаптација на овоштарското производство кон климатските промени.






Садење на насадот со слива

Во рамките на активностите за моделирање, податоци и дигитализација започна развојот на систем за следење на трошоците и приходите поврзани со експерименталните активности. Поставени се основите за создавање климатска база на податоци и агроеколошки индикатори кои ќе овозможат анализа на климатските ризици, проценка на идните сценарија и подобро планирање на земјоделското производство. Истовремено е иницира развој на дигитален советник базиран на вештачка интелигенција, наменет за поддршка на земјоделците при донесување на производствени одлуки.

Во текот на извештајниот период беа реализирани и повеќе активности за комуникација и дисеминација на проектните резултати. Подготвени се информативни содржини поврзани со влијанието на климатските промени врз земјоделството, а започна и подготовка на фото и видео материјали кои ќе бидат искористени за промоција на проектот и пренос на знаења кон земјоделските производители и поширокаата јавност.

Проектен тим

Активностите во овој период ги реализираа:



Проф. д-р
Ордан Чукалиев



Проф. д-р
Вјекослав Танасковиќ



Проф. д-р
Александра Мартиновска Стојческа



Проф. д-р
Зоран Димов



Проф. д-р
Тошо Арсов



М-р
Стојанче Нечковски



Дипл. зем. инж.
Лидија Бурназова

Поглед кон следните активности

Со успешно реализираните активности во периодот август 2025 – февруари 2026 година, проектот воспостави цврста основа за понатамошна имплементација на демонстративните истражувања. Во следната фаза ќе продолжат активностите за воспоставување и следење на поледелските и овоштарските опити, автоматизација на системите за наводнување, развој на дигиталните алатки и организирање на демонстративни настани преку кои резултатите ќе бидат достапни за земјоделците, стручната јавност и креаторите на политики.